


# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**24 јули - 6 авг 2024 Билтен бр. 568**

# КИНЕСКАТА АМБАСАДА ДОНИРАШЕ 98 ПП АПАРАТИ ЗА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

**Општина Карпош доби донација од Кинеската Амбасада, од 98 противпожарни апарати од типот С-9. Целта па оваа донација е замена на старите и дотраени противпожарни апарати во основните училишта на територија на локалната самоуправа, и со самото тоа зголемување на безбедноста во образовните институции.**



# УЧИЛИШТАТА „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ И „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ ДОБИЈА НОВИ ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ

**По поставувањето на фотоволтаични системи во ООУ „ Јан Амос Коменски“ и „Лазо Трповски “, Општина Карпош продолжува со поставување на исти такви и во основните училишта „Димо Хаџи Димов„ и „Петар Поп Арсов“, како дел од планот за поставување на вакви фотоволтаични централи во сите основни училишта на територијата на локалната самоуправа.**

**Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, при поставувањето на овие системи во првите две училишта истакна дека со подобрувањето на енергетската ефикасност преку примерите од првите две училишта, резултатите се видливи во намалување на сметките за електрична енергија и заштеда до 40%, средства кои се заштедуваат. Оттука намерата е оваа и идната година, со буџетски средства од Општина Карпош, но и финансиски средства од Скопскиот плански регион, да бидат поставени вакви фотоволтаични системи на сите основни училишта во Карпош.**

**Фирмата која ги изведува фотоволтаичните системи во ООУ „Димо Хаџи Димов“ и „Петар Поп Арсов“ е Друштвото за производство, трговија, промет и услуги КМГ ЕОЛ Квазар ДООЕЛ Скопје, а вкупната предвидена вредност за изведба на работите изнесува 1.685.140 денари без пресметан 18% ДДВ, односно 1.988.465 денари со пресметан 18% ДДВ , согласно техничките спецификации на изведувачот. Парите, целосно се обезбедени од буџетот на локалната самоуправа.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ОДБЕЛЕЖА 61 ГОДИНА ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СКОПЈЕ

**По повод одбележување на 61 годишнината од катастрофалниот земјотрес кој го погоди главниот град на државава, денеска делегација од Општина Карпош составена од советниците Добрила Андоновска, Зоран Краљевски и претседателот на Советот, Бранко Ристов, положија свежо цвеќе пред Споменикот на загинатите од скопскиот земјотрес на Градските гробишта во Бутел.**

**Во рамки на настанот, почит кон трагично настраданите од природната катастрофа оддаде владината и собраниската делегација, а пред Спомеником на загинатите се поклонија и претставници од локалните самоуправи, граѓански здруженија, како и претставници на дипломатско-конзуларните преставништва во земјава.**

**Во разорниот земјотрес кој го погоди Скопје утрото во 5:17 часот на 26.07.1963 година, животот го загубија 1.070 лица, а околу 3.000 беа повредени. Под страшните урнатини се најдоа 15.800 станбени објекти, оштетени беа околу 28.000, а над 200.000 луѓе останаа без покрив над главата. Притоа, првата помош за скопјани дошла од војската и граѓаните на тогашните југословенски републики, додека пак неколку дена по земјотресот пристигнуваат помошта и спасувачките екипи од целиот свет. Покрај Организацијата на обединетите нации и Меѓународниот црвен крст, хуманоста ја демонстрираат и 87 нации од светот кои му помагаат на Скопје, повторно да се издигне од урнатините на земјотресот, поради што и денес го носи епитетот „град на светската солидарност“.**



# ОПШТИНАТА ГО ИЗДАВА ПОД ЗАКУП РЕКЛАМНИОТ ПРОСТОР НА НАДВОЗНИКОТ „ВЛАЈКО“

**Општина Карпош објави Јавен оглас за спроведување на постапка за доделување на Договор за закуп на рекламниот простор на надземниот премин „Влајко“ кој се наоѓа во населбата Влае 2. Рекламниот простор од предметната недвижност се простира долж надвозникот, со вкупен број од 2 (две) поставени паноа со димензии од 8х3 метри изложени по еден од западната и еден од источната страна на надвозникот. Оттука, рекламниот простор се издава под закуп по пат на Јавен оглас со прибирање на писмени понуди, а за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој покрај предвидените услови во огласот, понудил и највисока цена за закуп на рекламниот простор.**

**Инаку, рекламниот простор се издава под закуп за период од 4 (четири) години, додека пак минималниот износ за закуп на рекламниот простор не може да изнесува помалку од 120.000 денари, за времетраење од 1 (една) година. За повеќе детали кои ги опфаќаат содржината и прилозите на понудите, како и начинот и рокот на поднесување на понудите и депозитот, во целост ви го ставаме на увид Јавниот оглас кој можете да го проследите на следниов линк:**

**https://shorturl.at/bUUus**

# КАРПОШАНИ ЌЕ МОЖАТ ДА ГО ОДЛОЖАТ КАБАСТИОТ ОТПАД И ГРАДЕЖНИОТ ШУТ ВО НАМЕНСКИ КОНТЕЈНЕРИ

**Секторот Инспекторат во соработка со координаторите за одржување на јавната чистота и претставниците од урбаните заедници на Општина Карпош, организираат акција за отстранување на кабаст отпад и отпад од градежен шут, кој инаку граѓаните го одложуваат до контејнерите наменети за комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад од домаќинствата. Заради поголема ефикасност на оваа иницијатива, кон акцијата активно ќе се вклучат и екипите на ЈП Комунална хигиена – Скопје, кои ќе ги поставaт контејнертите за кабаст отпад на т.н. „критични локации", каде што вообичаено општината се соочува со ваков проблем.**

**Оттука, ЈП Комунална хигиена ќе ги постави наменските контејнери во кои граѓаните ќе можат да го одложат својот кабаст отпад и градежен шут, во периодот од 09.08.2024, па се до 12.08.2024 година, на следниве локации:**

**Ул. Женевска (кај автобуската постојка на последна 24-ка) – населба Тафталиџе 2;**
**Ул. Јуриј Гагарин (кај ресторанот „Македонска куќа") – населба Козле;**
**Ул. Ванчо Мицков – населба Долно Нерези; и**
**Ул. Војвода Васил Чакаларов (позади Порта Влае) во близина на автобуската постојка во населбата Влае 2.**
**Со оглед на тоа што во летниот период е разбирливо е да се реновираат станови, да се кастрат гранки во рамки на индивидуалните дворови и слични активности, Општина Карпош упатува апел до граѓаните да се придржуваат до правилно одложување на градежниот шут и кабастиот отпад. Во спротивно, постои опасност да се создадат дополнителни депонии кои сериозно би придонеле кон загадување на животната средина, особено околу контејнерите за комунален отпад.**

**Во оваа пригода ги потсетуваме нашите сограѓани дека на територијата на општина Карпош функционира и Собирниот пункт за кабаст отпад и градежен шут, кој се наоѓа на булеварот Илинден, зад бензиската пумпа на Макпетрол во населбата Карпош 3.**

